## ШТО СЕ СЛУЧУВА ВО МАНАСТИРИТЕ?

*Ние, родителите на повеќе момчиња и девојки кои денес се наоѓаат во противзаконско и противуставно формираните животни заедници во манастирските конаци на Р.Македонија, а ги има околу 80 момчиња и девојки, изразуваме длабока загриженост и вознемиреност за случувањата во манастирите и за уништеното здравје и живот на нашите деца. Изразуваме револт против односот на Македонската православна црква кон проблемот на таканареченото монаштво, кон момчињата и девојките кои се наоѓаат во манастирските конаци, како и кон родителите. Исто така, изразуваме револт против нашата држава, која останува слепа, глува и нема за еден проблем кој не е само животен проблем на нашите деца и семејства туку и на целото општество. Проблемот на таканареченото монаштво го влече ова општество, декларирано како граѓанско, во православен фундаментализам, религиозна нетрпеливост, религиозни конфликти и распад.*

*Најпрво, сакаме да изразиме длабоко жалење по повод несреќните случувања во Куманово кон крајот на август 2002 година, при што Јовица Трајковски, дипломиран теолог од Куманово, кој престојувал во манастирот во Водоча, а под директно раководство на владиката Наум, несреќно го загуби животот, притоа ранувајќи ги најпрво својата мајка и снаа, а и повеќе случајни минувачи во соседството.*

*Цениме за потребно да истакнеме дека случајот на Јовица Трајковски не е осамен. Пред повеќе од две години јавноста беше информирана за случајот со монахот Марјан Милановски, кој го изгуби животот во манастирот во село Винце, но случајот беше забошотен, па јавноста не дозна дали се случи убиство или самоубиство и поради кои причини и мотиви. Познато е, исто така, дека во тие затворени заедници се пронаоѓани докази за употреба на дрога. Познато е, исто така, дека по еден пороен дожд во Велјуса, во дворовите на куќите под карпите беа пронајдени тела на убиени новороденчиња. Познати се и појави на ранувања, но сите тие случаи, иако посочени, никогаш не се докрај разрешени ниту, пак, виновниците земени на одговорност.*

*Научните истражувања на проблемите на таканареченото „македонско монаштво“ од аспект на физичкиот и духовен развој, односно деградација на личноста, укажуваат на повеќе последици.*

*Прекумерната физичка активност на момчињата и девојките во манастирските заедници, постењето, ограничениот број оброци во текот на денот (2), малиот број часови за спиење и одмор (најмногу пет), завитканоста на целото тело во текот на цела година во црна облека и друго, имаат големо негативно влијание врз работата на сите системи на човековиот организам: ендокринолошкиот систем, системот за варење, системот за репродукција, скелетниот систем, нервниот систем, имунолошкиот систем.*

*Последиците врз психичкиот развој на личноста се исто така многу тешки, а тие произлегуваат од следните причини: интензивна индоктринација во теоријата за монаштвото, односно исихазмот на Григориј Палама, примена на методи на хипноза и автохипноза преку литургиите и непрекинатите молитви („Исусова молитва“), исповедувањето, односно обврска за кажување на сите активности и помисли на таканаречениот „духовен татко“, отсуството на приватен живот, напуштањето на домот и семејството, отежнувањето или оневозможувањето на контактите со родителите, постојаното престојување на исто место во ограничен и непроменет круг на луѓе, отсуство на информации.*

*Огромно и погубно влијание врз физичкото и духовното пропаѓање на младите луѓе во манастирските заедници има употребата на дрогата. Таа обилно се користи во сите фази на привлекувањето, како и во животот во манастирските заедници.*

*Ние, родителите, најенергично бараме од Светиот синод на МПЦ, како и од државата Република Македонија, ослободување на нашите унесреќени синови и ќерки од противуставните и противзаконски монашки заедници каде што тие се претворени во робови и нивно враќање во реалниот живот.*

***За повеќе родители на замонашени момчиња и девојки, по овластување:***

**М-р Лила Стошиќ**
**Д-р Маргарита Шијакова**

## ЛЕТОК

*Го пишувам ова писмо до вас, почитувани новинари, зашто во ова време-невреме единствено во вас го гледам спасот.*

*Можеби Љубе Бошковски ви се заканува дека ќе ве тужи, но само нека се осмели! На еден од вас влакно да му фали, народот ќе стане против него.*

*Јас сум загрижен родител. Имам две деца за кои треба да мислам и иднина за која треба да се борам. Но она што ме вознемири утрово е летокот со кој моето дете ме разбуди. Летокот не беше обичен, на него беше дел од поезијата на „нашиот премиер“ Љупчо Георгиевски.*

*Овој не бил премиер! Тоа што го има на летокот, простете, но ни малку не личи на нормален човек. Особено не на некој кој е премиер на држава. Но изминативе четири години се чист доказ дека се што Љупчо напишал навистина го мисел.*

*Како родител само знам дека ваков човек, кој инаку е претседател на партија, не заслужува да добие уште еден ден мандат, а не дај боже уште 4 години.*

**Светлана Арсовска,**
**Скопје**

## ПРАЗНА САЛА ИЛИ ПРАЗНА ГЛАВА

(По повод „Здрава насмевка во здраво општество, втор дел“)

*Г-ѓо Неделковска,*

*Веќе не ми се допаѓа „дијалогов“ што залудно му го трони местото на ЗУМ. Сепак, ако сте веќе кустос, и тоа во МСУ, па уште ја следите светската современа уметност, ќе знаевте дека се појави уште понова „празна сала“, онаа на Мартин Крид наречена „Дело 227“, инаку добитник на Тарнеровата награда за 2001 година. Оваа информација ви ја давам бесплатно.*

*Инаку, мојот одговор „Виртуелен свет“ всушност немаше врска со празна (или полна) музејска сала, туку имаше врска - со умот!!!*

**Златко Теодосиевски**